[redacted]

Арх.Бр. 04-600/12

Дата: 11.02 02.2021
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М“ број 275/2019 и 14/2020), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл.Весник на РМ" бр. 11/2015) и Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас бр. (Сл. Весник на РМ бр.35/2018 и Сл. Весник на РСМ бр.303/2020),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

## **ОДЛУКА**
**за избор за кандидат за унапредување**

I. Во врска со Интерниот оглас бр. 01/2021 за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци, објавен на ден 03.02.2021 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,

за работно место - со шифра УПР 01 01 В01 000 – Советник за организација на совет на општината, Одделение за организација на советот на општината, Сектор за правно-нормативни и општи работи …..……..1 извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **СТЕФАНИЈА СТОЕВА.**

II.Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

**Образложение**

Во член 48, член 49, член 50, член 51, член 52, од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019 и 14/2020) предвидена е постапка за вработување на државни службеници врз основа на објавен Интерен оглас.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен Интерниот оглас ("Сл.Весник на РМ" бр. 11/2015) и

# Република Северна Македонија
# Општина Кавадарци

[redacted]

Архивски број, дата и контакт податоци:

Арх.Бр. 04-600/

Дата: 02.2021
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. Весник на РМ" бр.35/2018 и "Сл. Весник на РСМ" бр.303/2020), Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 03.02.2021 година објави Интерен Оглас бр. 01/2021.

Врз основа на објавениот Интерен оглас бр. 01/2021 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 – Советник за организација на совет на општината, Одделение за организација на советот на општината, Сектор за правно-нормативни и општи работи ……...……..1 извршител, со Решение бр. 04-600/12 од 09.02.2021 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно Записникот за административна селекција на кандидати бр. 04-600/13 од 11.02.2021 година и Записникот за спроведување на интервју бр.04-600/15 од 11.02.2021 година изготви Финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интревјуирани кандидати за работното место Советник за организација на совет на општината, Одделение за организација на советот на општината, Сектор за правно-нормативни и општи работи , во Општина Кавадарци.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници, Секретарот на Општина Кавадарци , по добивањето на Предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**Изработил;**
**Флорина Делова**
**Контролирал; Одобрил**
**Надица Алексова**

**Секретар на Општина**
**Тодор Ефремов**

Доставено до:
- именуваниот;
- Одделение за управување со човечки ресурси
- архива на Општина Кавадарци
- Одделение за информатичко комуникациска технологија